2802
15
22.03.23

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
Сектор за правни работи-Одделение за прекршочна постапка

01.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06

Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Александар Сапроновски како претседател и членовите Оливера Митевска и Божо Лозаноски, одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, по барање за поведување на прекршочна постапка број 30-067698/22-0002 од 13.12.2022 година на ЦИ Тетово, Царинарница Скопје, поведена против сторителите на царински прекршок „Пуки Карго" Дооел од Гостивар, за царински прекршок по член 263 став 1 точка 12 од Царинскиот закон и Мурат Халити од Гостивар, за царински прекршок по член 263 став 2 в.в став 1 точка 12 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и членовите 52, 54 и 55 од Законот за прекршоците, на ден 22.03.2023 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. „Пуки Карго" Дооел од Гостивар, со седиште на ул.„Гоце Делчев" бр.45 локал 33, во Гостивар, со ЕДБ 4007020529201, со жиро-сметка број 000290000000282655, депонент на „ТТК банка" АД Скопје, како правно лице

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263 став 1 точка 12 од Царинскиот закон

2. Мурат Халити од Гостивар, роден на ден 30.01.1967 година, со живеалиште на ул.„Мајор Чеде Филиповски" број 154 во Гостивар, со ЕМБГ 3001967473070, државјанин на Република Северна Македонија, како одговорно лице во правното лице

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263 став 2 в.в. став 1 точка 12 од Царинскиот закон

Затоа што:
Со увозната царинска декларација со број 21MKIM10800026E92 од 05.12.2022 година, поднесена во ЦИ Тетово, од страна на царинскиот застапник В.Е.М. Шпет од Тетово, за увозникот „Пуки Карго" Дооел од Гостивар, оцаринета е стока „Топлотна пумпа" испорачана од испраќачот „Trans rapido" од Хамбург, со вредност на стоката од 975 евра. Стоката е декларирана од декларантот во тарифна ознака со број 8418610010 со царинска стапка 0% и 18 % ДДВ и после извршената контрола утврдено е дека според Задолжителната тарифна информација со број 12-001607/21-0004 треба да биде декларирана во тарифен број 8415810000 со 2.7% царина и 18% ДДВ, што довело до плаќање на увозни давачки, други давачки и даноци во помал износ од 2.504,00 денари.

прекршок по член 263 став 1 точка 12 од Царинскиот закон и Мурат Халити од Гостивар, за царински прекршок по член 263 став 2 в.в став 1 точка 12 од Царинскиот закон.

Постапувајќи по истото, Комисијата за одлучување по царински прекршок согласно член 60 став 2 од Законот за прекршоците, со покани за писмено произнесување број 28-067698/22-0003 и број 28-067698/22-0004 од 23.01.2023 година, писмено ги извести сторителите за поднесеното барање и ги поучи да се изјаснат за фактите и доказите поднесени во врска со истото.

Сторителот „Пуки Карго" Дооел од Гостивар на ден 25.01.2023 година уредно ја примил поканата за писмено произнесување, видно од повратницата од пошта Гостивар и до Комисијата не достави писмено произнесување.

Комисијата направи два последователни обида да се изврши уредно достава и до сторителот Мурат Халити од Гостивар и изврши проверка на адресата на живеење, при што е добиен Одговор од МВР-Биро за јавна безбедност – Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси рег.бр.22.6.1.2 дека лицето Мурат Халити од Гостивар, има последно пријавена адреса на живеење на ул.„Мајор Чеде Филиповски" број 154 во Гостивар, како што е наведено и во барањето за поведување на прекршочна постапка број 30-067698/22-0002 од 13.12.2022 година на ЦИ Тетово.

Комисијата повторно изврши обид да изврши уредна достава на поканата за писмено произнесување, меѓутоа откако не успеа ја достави поканата за писмено произнесување, согласно член 56 став 5 и 57 став 4 од Законот за прекршоците, истата на ден 27.02.2023 година ја објави на веб страницата на Царинска управа, со што по истекот на осум дена од денот на објавување се смета дека доставата е уредно извршена.

Комисијата утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и донесување на одлука.

Комисијата ја спроведе доказната постапка и изврши увид во: Барање за поведување на прекршочна постапка број 30-067698/22-0002 од 13.12.2022 година на ЦИ Тетово, Царинарница Скопје, записник за царински прекршок број 30-067698/22-0001 од 13.12.2022 година, известување за поднесена увозна декларација во СОЦДАД, Control protocol-import at import office од 05.12.2022 година, Записник за наод од извршена контрола број 30-066501/22 од 06.12.2022 година, фотодокументација, копија од ЕЦД број 21MKIM10800026E92 од 05.12.2022 година, фактура број 74/2022 од 29.11.2022 година, CMR 0609300, тековна состојба број 0805-50/155020220113217 од 14.11.2022 година, покани за писмено произнесување број 28-067698/22-0003 и број 28-067698/22-0004 од 23.01.2023 година, повратници од пошта Гостивар, допис од Централен регистар број 09-254/1 од 25.01.2023 година и број 09-332/2 од 03.02.2023 година, барање податоци до Централен регистар број 28-067698/22-0007 од 30.01.2023 година, барање податоци од МВР за точна адреса од 02.02.2023 година, Одговор од МВР-Биро за јавна безбедност –

Имајќи ги предвид утврдената фактичка состојба и погорецитираните законски одредби, Комисијата изврши увид во доказниот материјал и утврди дека сторителите го сториле прекршокот кој им се става на товар од член 263 став 1 и став 2 точка 12 од Царинскиот закон и на истите треба да им се изрече прекршочна санкција односно глоба.

Во истата оваа насока, а видно од тековна состојба за големината на субјектот, Комисијата утврди дека обвинетото правно лице „Пуки Карго" Дооел од Гостивар, се распоредува во класификацијата на „голем трговец", па имајќи го предвид износот на избегнати давачки од 2.504,00 денари, како и фактот дека досега не се евидентирани за сторители на исти или слични царински прекршоци, Комисијата на сторителите им изрече глоба според одредбите на цитираниот Царински закон („Службен весник на РСМ" бр.110/21), односно им изрече минимална глоба и тоа во износ од 250 евра на правното лице и 50 евра на одговорното лице во правното лице, со кои смета дека ќе се исполни целта на законот и изрекувањето на прекршочната санкција.

Согласно член 16 став 1 од Законот за прекршоците на сторителот на прекршокот му се одмерува санкција во границите што со закон се пропишани за сторен прекршок, имајќи ги во предвид прекршочната одговорност на сторителите и тежината на прекршокот, согласно став 2 од истиот член при одмерувањето на санкцијата се земаат во предвид сите околности што влијаат санкцијата да биде полесна или потешка (олеснителни и отежнувачки околности), а особено степенот на одговорност на сторителите за прекршок, побудите од кои е сторен прекршокот, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околностите под кои прекршокот бил сторен, додека согласно став 3 од истиот член при одмерувањето на глобата се има во предвид имотната состојба на сторителот, висината на неговата плата, другите негови примања, неговиот имот и неговите семејни обврски, кај прекршоците од областа на даноците и царините и сразмерноста на висината на неплатените давачки на кои е обврзан со закон.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата ги задолжи сторителите и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението. Со оглед дека тужбата го одлага извршувањето на решението, потребно е примерок од тужбата да се достави до Царинска управа на Република Северна Македонија - Комисија за одлучување по прекршок, бидејќи во спротивно глобата ќе се наплати согласно одредбите од Законот за даночна постапка.

Претседател на комисија,
Александар Сапроновски